**ИСКРА ДИМИТРОВА ИЗЛОЖУВАШЕ ВО БРУКЛИНСКИОТ МУЗЕЈ ВО ЊУЈОРК**

**Искра Димитрова е првата македонска уметница која доби покана од Бруклинскиот музеј во Њујорк, и тоа лична покана од светски респектабилните историчарки на уметност Мора Рејли и Линда Нохлин, да изложува во рамките на изложбата „Глобални феминизми”, која неодамна беше отворена во главниот град на светот - Њујорк. Тие подолго време го следеле уметничкото творештво на нашата уметница, кое е изложувано во многу градови во светот и на крајот по нивен избор, двете кураторки на овој голем проект кој вклучува уметници од целиот свет го избрале делото „Thanatometamorphosis”, кое во 1997 година беше составен дел од нејзината постановка „Мементо мори” во МСУ во Скопје. Освен веќе иконичната „Dinner Party” на Џуди Чикаго, инсталацијата на Димитрова беше најамбициозна во смисла на ангажман за изведба. Според податоците што ги соопшти директорот на Музејот, само првиот ден изложбата ја виделе 5.000 посетители. Веќе се објавени и некои критики во „Њујорк тајмс” и „Њујорк сан”, каде ја цитираат македонската уметница...**



# МЕ ПРИВЛЕКУВА УМЕТНИЧКИОТ ШЕПОТ НА ДАЛЕКУИСТОЧНИОТ ДУХ

■ **Изборот на учесничките на изложбата во Њујорк е направен по повеќегодишно глобално истражување на кураторките на сите континенти. Како дојдоа до тебе?**

● Публикациите на Линда Нохлин отворија многу прашања во однос на уметноста на жената и нејзиниот третман во глобалниот менаџмент на ликовната уметност. Моментално таа е редовна професорка за ликовна уметност на Њујоршкиот универзитет. Мора Рејли е кураторка во Бруклинскиот музеј и долгогодишна редовна соработничка на реномираниот магазин „Art in America”. Во мојот случај она што им оставило впечаток била инсталацијата „Папочна врвка”, која беше реализирана за изложбата „Зрачења”, изложувана во Токио, Минхен и Скопје, а потоа и во Модерна музејот во Стокхолм, за изложбата „По ѕидот”. Откако ја истражиле мојата веб-страница, за оваа изложба ме поканија да учествувам со „Thanatometamorphosis”. Инаку, до мене дојдоа преку еден стар имејл, кој многу ретко, ама сепак го проверувам....

■ **Инсталацијата е поставена во сосема затемнет простор во чиј центар е поставен базен со црна течност, во кој плива црна восочна одливка од твоето тело. Проектот е фокусиран на различните аспекти на смртта, на нашата фобија да се соочиме со неонтолошкото. Дали твојот проект го доживуваш како метафора на храброста да се спротивставиме на сите предрасуди, вклучително и на идејата за сопственото исчезнување?**

● Кога бев во тој „филм”, зборуваме за постар проект, нели, не ми беше храброста на памет. Тогаш лично ме интересираше онтологијата на смртта и ја обработив од различни аспекти, и како фобија - идејата „да се види сопственото тело во процесот на танатометаморфоза (инсталацијата „Thanatometamorfosis”), и како привлечност (инсталацијата „Невестинска соба”) и како помирување на овие спротивности (инсталацијата „Remains”). Кога гледам со денешна дистанца, можеби изгледа морбидно или храбро, но мислам дека кон ништо не треба да се има предрасуди и одбивање, па така ни кон идејата на сопствената смрт. Тоа можеби може да нè поттикне да се обидеме да го живееме поквалитетно секој ден од нашиот преостанат живот.


Делото „Thanatometamorphosis”

■ **Со оваа изложба свечено беше промовиран новиот оддел во Бруклинскиот музеј - Центарот за феминистичка уметност. Тоа значи дека твоето дело со болдирани букви влегува во историските анали на музејот?**

● На уметноста на жените првпат ѝ се дава некој историски простор со отворањето на овој центар, наедно се формира и дата-база на дела, прво на учесничките на оваа изложба, но сигурно тука ќе влезат уште многу, многу имиња.

■ **Самиот наслов на постановката „Глобални феминизми” ме наведува да помислам дека во проектот се изложени дела што се занимаваат исклучиво со социолошкиот феномен и вечната борба на жената да фати рамноправен приклучок со мажот во системот.... Но, да речеме твоето дело се занимава со една друга тема...**

● Со поставувањето на ваквиот наслов на изложбата се појавува потребата за теориско кристализирање на точното значење на терминот феминистичка уметност. Линда Нохлин ја застапува тезата дека и во случаи каде што прашањето на жените не е експлицитно поставено, сепак се работи за фе-

....▶

министичка уметност, дури и кога самата авторка не го декларира како феминистичко. Во мојот случај, не станува збор за феминистички социјален ангажман, но сигурно станува збор за женски сензибилитет, којшто да речеме е присутен и во делата на Фрида Кало. Уметноста која таа ја создаваше, денес веќе се смета за класика на феминистичката уметност. Лично сметам дека треба да се направи дистинкција меѓу феминистичка уметност и уметност што „дише“ со женски сензибилитет, зашто занимавањето со феминистичка проблематика е прашање на тема, а сензибилитетот е прашање на начин. И тоа, на овој проблем би му пристапила прилично отворено, повеќе од аспект на делото отколку од аспект на полот, зашто постојат и машки уметници со женски сензибилитет и обратно.

**■ Твојата инсталација е прилично тешка за изведување, имаше ли асистенти кои ти помагаа во поставувањето? Како изгледа процесот на создавање на ова дело?**

● Да, ова е инсталација мошне комплицирана за изведба и затоа во Њујорк морав да одам порано од другите авторки. Претходно бев во постојан контакт преку имејл со дизајнерот на изложбата Метју Јокобски за создавање на простор со соодветни димензии, потоа негово затемнување и создавање на црн „базен“, кој потоа требаше да се наполни со црна течност. Самиот процес на создавање на одливка/отпечаток од моето тело е мошне мачен - материјалот е темен восок за депилација кој треба да се нанесе на целото тело и потоа да се извади. Идејата да се употреби овој материјал дојде од студиото „Круна“, каде со години сум се восхитувала на специфичната структура, темната боја на црниот восок и магијата на отпечатување на формата на телото. Музејот ми обезбеди асистентки со кои имав одлична соработка.

**■ Реакциите од оваа изложба беа дека твојот проект е еден од најамбициозните... Дали пред да се слушнат позитивните критики, твоето дело доби достоен простор и внимание во рамките на целата изложба?**

● Освен веќе иконичната „Dinner Party“ на Џуди Чикаго, мојата инсталација беше најамбициозна во смисла на ангажман за изведба, како од страна на Музејот, така и од моја. Задоволна сум од просторот и вниманието кои ми беа посветени. Според податоците кои ги соопшти директорот на Музејот, првиот ден изложбата ја виделе 5.000 посетители. Веќе се објавени и некои критики во „Њујорк тајмс“ и „Њујорк сан“, каде ме цитираат.

**■ Што е она што најмногу те привлече да ја прифатиш поканата за изложување, самиот факт што прв пат ќе „влезеш“ во Бруклинскиот музеј или...?**

● Па, сигурно дека е добро да се влезе во еден таков музеј, ама на крај едвај чекав да излезам (се смее)... Проектот е навистина комплициран, а јас веќе вторпат го работам. Сум имала и претходно некои искуства со вакво феминистичко



**Самиот процес на создавање на одливка/отпечаток од телото на Искра е мачен - материјалот е темен восок за депилација, кој треба да се нанесе на целото тело и потоа да се извади**



**Свечена вечера за сите учесници во музејот (фото: Марко Георгиев)**

„опкружување“. Она што во оваа изложба ме привлече е што ми изгледаше дека не е европо/американоцентрична, не само поради фактот што во неа се вклучени уметници буквално од сите континенти, туку што се вклучени моќни дела имајќи го предвид нивниот контекст. Мојата забелешка се однесува на послабата застапеност на дела со пософистициран сензибилитет, карактеристика којашто често се припишува на женската популација. Можеби интенцијата била да се покаже и другата страна, но дејствува малку агресивно.

**■ Како типичен егземплар на постмодерната уметност, која во Македонија зема силен замав по распаѓањето на поранешна Југославија, а во пакет со тоа и поништувањето на стариот систем, ти си една од ретките уметници што храбро зедоа исчекор кон демаргинализирањето на жените-уметници од домашната сцена и покажа дека не постои само машката уметност, туку се движи во паралелна постојна линија со женската...**

● Најголем предизвик ми беше реализацијата на секое поединечно дело, а исчекорот го гледам како нуспродукт, нешто што повеќе можат да го видат другите отколку јас и кое се гледа дури со временска дистанца. Мислам дека отсекогаш сум го правела она што вистински сум го чувствувала - едноставно го „кажав“ она што имав силна потреба да го „кажам“ во одредени моменти од животот, на начин кој дотогаш можеби не беше применуван. Е сега, случајно се погоди притоа да бидам и жена...

**■ Твоето 15-годишно творештво длабоко пенетрира во слоевите на човечкото постоење и во себе го сублимира пулсирањето и ритамот на универзалното во фузија со врациите на индивидуалното. Дали секогаш имаш интенција твоите дела да постигнуваат совршен баланс меѓу севкупното и конкретното видени и преживени од твојот личен ракурс?**

● Јас сум човек и она што јас го чувствувам и мислам не може да биде уникатно мое, тоа е резултат на специфичните влијанија од моето опкружување, сигурно дека има уште милион луѓе кои го делат истото. Но јас го истражувам феноменот со кој во моментот сум преокупирана, го обликувам во визуелна форма - го „соопштувам“ така што прашањата и состојбите за/на таа проблематика лесно може да ги „прочитаат“ оние со кои ги споделувам. Значи повторно, ако има некој баланс, тогаш тој е резултат на еден логичен процес, можеби повеќе последица отколку интенција.

**■ Денес е речиси сосема избледена границата меѓу сликарството, скулптурата, видеото, фотографијата, инсталацијата, бодиартот... Сепак, можат ли да се досегнат граници, од чија линија понатаму се дефинира неуметничкото или кичот, или пренасиленост или невкусното во уметноста, или денес навистина сè може да фигурира како уметност...?**

● Денес во уметноста многу потешко се разговара за дефиниции, границите се блурирани, секое дело е зависно од контекстот во кој се наоѓа, па дури и начинот на кој некој поединечно го доживува. Едно уметничко дело може да биде купено и изложено во приватен стан и да зборува единствено за статусот на оној што го купил, во тој случај тоа по мене веќе реферира на кич функција и обратно, еден кич објект може да се постави во поинаков контекст, да му се даде дистанца и да предизвика поинакви конотации. Во една таква ситуација каде немаме нешто „цврсто“, некој критериум по кој лесно би решиле што е, а што не е уметничко дело, многу лесно е да се манипулира... За мене, еден од главните критериуми бил: „Ако сум доволно искрена, тоа не може да не допре до другите. Претенциозноста, од друга страна, секогаш се препознава“. Денес ми се чини дека е сè побитен процесот, но интересно е од некој културолошки аспект, како секогаш и во самиот процес се пронаоѓа некоја материјална форма која овозможува економска динамика.

**■ Има уметници кои се инспирирани од визуелната сфера на природното или уметничкото и, од друга страна, уметници кои успеваат да „копаат“ подлабоко под визуелното и преку својата уметност да го прикажат несвесното, невидливото. Во која категорија спаѓа твоето творештво?**

● Невидливото, она што е под површината отсекогаш ми било поблиско, но сега дури и неговата визуелна форма, која претходно беше прилично силна, се трансформира во нешто понедофатно, сублимирано. Во последно време сè повеќе ме интересира уметничкиот „шепот“, една естетика која е понаклонета кон скромниот (во позитивна смисла на зборот) далекуисточен отклон кон самобендисаниот западен дух. Ненападното, рафинираното, границата на видливото за мене се многу посилни, поинтересни и подостоинствени од сјајното и шокантното, кои денес прилично добро се продаваат.

**Ивана Тасев**

